ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Датум: 16 јули 2014

# СООПШТЕНИЕ

## Работилница на ФЗОМ со Црвениот крст во рамките на проектот "Грижа за стари лица"

„Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови“ – Грижа за стари лица е проектот во кој заеднички соработуваат Црвениот крст на град Скопје и Фондот за здравствено осигурување на Македонија.




Во рамките на овој проект денес се одржа обука за унапредување на капацитетите на тимот на „Грижа за стари лица“ од областа на правата и услугите кои ги нуди системот на здравствена заштита во Република Македонија.  Присутни беа социјалните работници и медицински сестри одговорни во проектот „Грижа за стари лица“ и социјални работници инволвирани во Црвен крст на град Скопје. Стручниот тим на ФЗОМ ја реализира обуката за системот на здравствена заштита, односно ги запознаа учесниците на работилницата со правата кои можат да ги остварат корисниците на проектот.  Во детали беа објаснети процедурите за рефундација, итната мединска помош. правата за добивање ортопедски помагала, а дополнително беа разгледани детали и консултирани специфични ситуации за одредени социјални случаи со кои работи тимот на проектот „Грижа за стари лица“. Предавањето поттикна дискусија за конкретните случаи опфатени со проектот и ја унапреди постоечката соработка помеѓу двете институции.

Со проектот се опфатени 120 стари и изнемоштени лица посетени во домашни услови од медицинска сестра и волонтер на Црвениот крст и повеќе од 300 активни пензионери инволвирани во програмата на Дневниот центар за стари лица.